РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено | 05.12.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/373 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 7 став 2 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по македонски јазик за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојувале во странство и се вратиле во Република Македонија каде што го започнуваат или продолжуваат основното образование.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

**по**

**македонски јазик**

**за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојувале во странство и се вратиле во Република Македонија каде што го започнуваат или продолжуваат основното образование**

**Ноември, 2013**

## 1. НАСТАВЕН ПЛАН

**(неделно 2 часа, годишно 72 часа)**

| | Предмет | Период/одделенија/број на часови | | |
|---|---|---|---|---|
| | | I (I, II и III одд.) | II (IV, V и VI одд.) | III (VII, VIII и IX одд.) |
| | Македонски јазик | 72 | 72 | 72 |

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА

Целта на наставата по македонски јазик, за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојувале во странство и се вратиле во Република Македонија каде што го започнуваат или продолжуваат основното образование, е да се оспособат за усна и писмена комуникација на македонски стандарден јазик и со тоа успешно да се вклопат во образовниот процес.

Програмата е структурирана во три периоди со посебно дефинирани цели за секој период.

Програмата за секој период има цели, содржини, поими, активности и методи, поделени по подрачја: Почетно читање и пишување, Јазик, Литература и лектира, Изразување и творење и Медиумска култура. Целите на програмата се структурирани на начин кој овозможува внатрешна комуникација и корелација во насока на брзо и ефикасно совладување на содржините кои ќе станат трајни функционални знаења и вештини.

Во првиот период целите се поврзуваат со совладувањето на читањето и пишувањето на македонски стандарден јазик, совладување на правилата за примена на акцентот, раскажување, прераскажување и опишување на предмети, ликови и непосредна околина; во вториот период се развиваат понатаму овие содржини со повисоки цели заедно со проширување на знаењата од морфологија, синтакса, правопис и правоговор, акцент и фонетика; во третиот период се заокружуваат знаењата од сите подрачја кои ги споменавме.

Програмата при изработката е конципирана според барањата на современите методи за стекнување знаења и способности на учениците, па така неопходно е, пред сѐ, да се примени принципот на корелација и интеграција во наставната програма.
Тоа значи врз примери од литературни текстови да се применуваат и да се проверуваат здобиените знаења од јазик, правопис и правоговор.

Во интегрираното планирање на програмското подрачје **Јазик** треба да се вклучат и содржини од странските јазици што ги изучувале учениците при усвојувањето поими од граматиките на странските јазици што ќе им помогне во брзо и успешно вклопување во наставата при изучувањето на македонскиот јазик.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

### I период (I, II и III одд.)

**Цели**

Ученикот/ученичката:

- да се оспособува за самостојно и јасно читање со разбирање и пишување;
- да се воведува правилно да го користи македонскиот стандарден јазик во меѓусебното разбирање и општење;
- да ги усвојува и применува основните правописни правила на македонскиот стандарден јазик;
- да стекнува вештини за изразување на своите мисли и доживувања на македонски стандарден јазик;
- да се оспособи за основните комуникациски вештини: говорење, читање и пишување.

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Почетно читање и пишување** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ја поврзува видената со слушнатата јазична содржина;<br><br>-да се навикнува на изговорот и на интонацијата на македонскиот јазик;<br><br>-да препознава и да осознава (не да дефинира) глас, збор, реченица;<br><br>-да препознава, визуелно и симболично, одредени зборови, големи печатни букви (наслови, имиња на фирми...); | Слушање со разбирање<br><br>Слушање и изговор на гласови во збор и реченица | Изговор и интонација | Слушање говор (снимен или зборува наставникот). Вежба за поврзување на слики и илустрации со слушнати реченици или зборови.<br><br>Вежба: Преку слушање говор да препознава гласови, зборови и реченици.<br>Вежба: следење видео запис од „Бушава азбука“, (сегментот за изговор на одредени гласови).<br><br>Вежба: Вербално комуницирање: претставување, поздравување, запознавање (користење дигитална содржина). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Игра „Расипан телефон“. |
| -да се оспособува да ги разликува и правилно да ги изговара гласовите во различна местоположба во зборот; | Разликување и изговарање на гласовите: ц, ѕ, з, с, ч, џ, ш, ќ, ѓ, л, љ, њ, ж | Глас<br>Говор | Активности за вежбање (дискриминирање и артикулирање) на гласовите во сите три положби на зборот: иницијална, медијална и финална. |
| -да се оспособува да ги препознава симболите на гласовите и да ги поврзува во зборови (поим за кирилски букви или писмо/азбука); | Графички симболи (печатни букви) на македонското кирилско писмо | Писмо/азбука<br>Буква (симбол, графема, знак) | Вежби за воочување на буквата како графички симбол на гласот и нејзино изговарање, правилен изговор и симултано воочување во зборот.<br>Запознавање со нова буква преку неколку активности: боење, лавиринти, поврзување точки.<br>По секои пет букви се реализираат активностите кои се веќе познати.<br>Азбука во слики на предмети кои започнуваат на буквата која се изучува. |
| -да се оспособува да пишува печатни букви на македонското кирилско писмо;<br>-да се оспособува да чита зборови и текст со печатни букви; | Усвојување на големите и малите печатни букви преку поединечно пишување | Големи и мали печатни букви | Вежби за правилно пишување на големите и малите печатни букви.<br>Вежби за пишување зборови и реченици со печатни букви. |
| -да ги усвојува големите и малите ракописни букви и нивното поврзу-вање во зборови;<br><br>-да се оспособува да чита зборови и реченици со ракописни букви;<br><br>-да се оспособува самостојно да составува и да пишува зборови и реченици по дадени слики, предмети и сл. со ракописни букви. | Усвојување на големите и малите ракописни букви преку поединечно пишување | Големи и мали ракописни букви | Вежби за правилно пишување на големите и малите ракописни букви (графичка обработка) преку поединечно пишување.<br><br>Вежби за пишување зборови и реченици со ракописни букви.<br>Вежби за препишување текст со печатни букви во текст со ракописни букви.<br>Говорни игри: „Бушава азбука“, „Лото“, „Тематско бинго“ (слушање и изговарање зборови во кои потребниот глас се наоѓа во сите трите положби: иницијална, медијална и финална).<br>Кажување бројалки, брзозборки, давање одговор на гатанка. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Говорна игра „На буква, на буква“ („На глас на глас“).<br><br>Вежби: Групно и индивидуално читање на зборови и текстови од разни извори.<br>Вежби за читање со проверување на сфаќањето и разбирањето на текстот.<br>Вежби за отстранување на најчестите грешки при читањето (неправилно изговарање на зборови, неправилно акцентирање).<br>Вежби за самостојно составување и пишување реченици по дадени зборови, слики, предмети и сл.<br><br>Диктат за правилно пишување и поврзување на буквите во зборот и во реченицата.<br><br>**Активностите за вежбање, читање и пишување на гласовите-буквите, се реализираат континуирано во текот на сите часови.**<br><br>**Активностите кои предвидуваат вежби за правопис и правоговор треба да се реализираат <u>во сите три фази од наставната програма.</u>** |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Јазик** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>-да препознава помали делови од реченицата (збор, слог, глас);<br><br>-да ги разликува самогласките од согласките;<br><br>-да ги дели зборовите на слогови. | Поделба на зборовите на слогови<br><br>Согласки и самогласки<br><br>Поделба на зборовите на слогови | Збор, слог, глас<br><br>Самогласки<br>Согласки<br><br>Слог | Вежби за изговор на зборовите и делење на слогови.<br>Вежби за делење на слоговите со помош на тактирање и плескање со рацете.<br><br>Вежби за разликување на самогласките и согласките (нивно правилно изговарање и пишување).<br><br>Вежби за делење на зборот на слогови и составување на зборови од дадени слогови. |
| -Да ги подредува правилно зборовите | Редот на зборовите во | Зборoредот во | Вежби и игровни активности за составување правилни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| во реченицата, правилен зборород. | реченицата | реченицата | реченици. |
| - Да именува лица, суштества, растенија, предмети и појави. | Именки | Именка | Вежби за именување лица, предмети, растенија и животни и појави.<br>Видео запис на „Бушава азбука“. |
| -Да именува зборови кои означуваат дејства и движења. | Глаголи | Глагол | Вежби за правилно изговарање и пишување на глаголите кои означуваат работа, дејство или состојба. |
| -Да се оспособува правилно да ги изговара и пишува броевите со букви. | Броеви до 100 | Броеви | Вежби за правилно изговарање и пишување на броевите.<br>Игри: Изговори и пишување броеви со букви.<br>„Колку е часот?“, „Пар-непар“, „Колку години има...“ |
| -Да се оспособува за правилно акцентирање на зборовите;<br>-да препознава правилно акцентирани зборови во изговорот. | Акцентот во македонскиот стандарден јазик | Акцент | Ортоепски вежби.<br>Вежби за правилно акцентирање при читање и говорење.<br>**Овие активности се реализираат во текот на сите три фази од наставната програма.** |
| -Да знае правилно да ги употребува интерпункциските знаци;<br><br>- да ги применува правилно интерпункциските знаци при читањето и пишувањето;<br><br>-да знае правилно да ја употребува големата буква. | Интерпункциски знаци<br><br><br><br>Пишување голема буква | Интерпункциски знаци<br><br><br><br>Голема буква | Вежби за препознавање и примена на интерпункциските знаци.<br>Диктат за примена на интерпункциските знаци.<br><br>Вежби за правилна употреба на големата буква во почетокот на реченица, кај лични имиња и презимиња, празници и географски поими.<br><br>**Овие вежби да се применуваат континуирано низ сите фази.** |

**ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:** Литература и лектира

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да се оспособува за читање: гласно, во себе, изразно (со интонација и првилна употреба на интерпункциските знаци);<br>-да знае да ја препознае формата на | Текстови:<br>- прозни<br>- поетски<br>- драмски | Расказ<br>Песна<br>Драмски текст | Вежби за читање текстови пишувани со кирилско писмо (песни, поговорки, брзозборки, гатанки и...).<br>Вежби за: правилно гласно и течно читање со почитување на интерпункциските знаци; правилно акцентирање на зборовите; правилно изговарање на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| прозни, поетски и драмски текстови. | | | зборовите во реченицата; воочување на грешките во изговорот на зборовите.<br>Вежби за препознавање на различни форми на текстови:прозни, поетски, драмски. |
| -Да се оспособува за определување на содржинска структура (план на текст);<br>-да знае самостојно да определи главни и споредни ликови;<br>-да знае самостојно да определува место и време на настанот. | Анализа на текст<br><br>Анализа на ликови и настани; време и место на настанот | Анализа на текст:<br><br>Ликови<br>Време<br>Место<br>Настан | Вежба „Ленти на приказната“ за анализа на текст.<br>Слушање приказна и разговор за слушнатата приказна (од „Македонските народни приказни“).<br>Вежба „Банка на зборови“ за откривање на непознатите зборови и објаснување од наставникот.<br>Преку „Ѕвезда на приказната“ учениците самостојно прераскажуваат приказни што ги слушнале од возрасните, зборуваат за главните ликови, го определуваат местото и го објаснуваат текот на настаните. |
| -Да се оспособува самостојно да чита;<br>-да забележува непознати зборови, изрази и реченици;<br>-да се оспособува да одговара на прашања и да поставува прашања во врска со содржината на текстот;<br>-да се стекне со навика за читање литературни творби. | Лектира | Самостојно читање лектира | Запознавање со насловите на лектирните дела кои ќе се обработуваат.<br>Забележување непознати зборови и објаснување од наставникот.<br>Учениците самостојно прераскажуваат прочитани текстови, зборуваат за главните ликови и го објаснуваат текот на случувањето.<br>Списокот со лектири е на крајот на наставната програма. |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Изразување и творење** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги забележува разликите меѓу народниот и стандардниот македонски јазик;<br>-да воспоставува културен комуникациски однос кон други луѓе во различни ситуации; | Слушање извадоци на народен и стандарден јазик<br><br>Разговор преку лично обраќање:<br>- поздравување<br>- претставување | Слушање<br><br><br>Разговор | Слушање, следење записи со народен говор и стандарден македонски јазик.<br><br>Активности преку кои се вежба културното обраќање.<br>Симулирање на ситуации во кои се користат културни изрази, во библиотека, продавница, кино, книжарница, ресторан. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Разговор по симулацијата и изразување чувства во врска со употребата на културните изрази.<br>Активности во кои ученикот се става во туѓа улога, според сопствен или насочен избор од наставникот. |
| -да се оспособува да прераскажува содржини од прочитани литературни творби; | Прераскажување куси текстови (расказ, бајка, басна) | Прераскажување | Вежби за прераскажување обработени текстови.<br>Прераскажување приказни, гледани претстави, басни со додавање свои зборови. |
| -да се оспособува да раскажува видени и доживеани настани; | Раскажување на доживеан настан<br>Раскажување по серија слики | Раскажување | Вежби за раскажување настан (доживеан или виден) по дадени слики или зборови.<br>Раскажување случки (од секојдневието, искуства, доживување, кажување шеги).<br>Дополнување и довршување текст, менување делови од приказна според својата замисла. |
| -да се оспособува да опишува предмети, лица и суштества од непосредната околина, писмено и усно по даден план. | Опишување предмети, лица и суштества | Опишување | Вежби за опишување предмети, лица и суштества од непосредната околина: дом, семејство, училиште, училница, игралиште, парк... |
| -Да препишува правилно реченици и кратки текстови;<br>-да прераскажува писмено кратка содржина од обработен текст;<br><br>-да пишува честитка. | Препишување текстови или делови од текстови<br>Писмено прераскажување обработен текст<br><br>Пишување честитка | Препишување<br><br>Писмено прераскажување<br><br>Пишување честитка | Препишување на кратки текстови или делови од текстови по избор на наставникот.<br>Вежби за писмено прераскажување.<br><br>Пишување честитка по некој повод (до другарче, родителите, роднини кои живеат во татковината, наставници).<br>**Правилно ги применува граматичките и правописните норми континуирано низ сите фази.** |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Медиумска култура** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката: | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се поттикнува да следи:<br>радио, ТВ - емисии, анимиран филм, театарски претстави на македонски јазик; | Слушање радиоемисија<br>Гледање ТВ - емисии<br>Следење театарска претстава | Радио<br>ТВ - емисии<br>Серија за деца<br>Филм<br>Театар-куклена претстава | Слушање радиоемисии на македонски јазик, радиодрами за деца - разговор по следените содржини.<br>Следење детски филм, детска серија и разговор за нив.<br>Следење театарски претстави и разговор за содржината и опишување на сцена, костими, дејства.<br>Подготовка на куклена претстава по повод некој празник.<br>Самостојно и креативно анимирање на сценски кукли. |
| -да се поттикнува да чита детски списанија на македонски стандарден јазик. | Читање детски списанија | Списанија | Споделување на информации од списанија соодветни за возраста.<br>Работа со илустрирани списанија за деца и разговор за нивната содржина.<br>Читање со разбирање на расказ, приказна, песна од списание за деца. |

**Лектири** (се обработуваат три лектири):

1. „Касни порасни“ - Петре М. Андреевски
2. „Грдото пајче“ - Ханс Кристијан Андерсен
3. „Песни“ - Васил Куновски
4. „Зоки Поки“ - Оливера Николова
5. „Шеќерна приказна“ - Славко Јаневски
6. „Ајде да се запознаеме“ - Киро Донев

## II период (IV, V, VI одд.)

**Цели**

Ученикот/ученичката:

- да се оспособи да пишува кратки состави на македонски стандарден јазик;
- да препишува правилно кратки текстови со почитување на граматиката и правописот на македонскиот стандарден јазик;
- да врши основна анализа на ликовите и на тематско-идејната основа;
- да развие интерес за читање книги.

**ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Јазик**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да ги разликува согласките по звучност. | Звучи и безвучни согласки | Звучни и безвучни согласки | Вежби за изговор на согласките по парови.<br>Вежби за дискриминација на гласовите во македонскиот јазик. |
| -Да знае правилно да ја пишува негацијата во одделни зборови и во одречни реченици. | Пишување негација во одделни зборови и во одречни реченици | Негација | Вежби за откривање на негацијата во одделни зборови и во одречни реченици.<br>Вежби за пишување негација во одделни зборови и во одречни реченици. |
| -Да прави разлика во формите за род и број кај именките;<br><br>-да го разбере значењето на членот како категорија определеност кај именките;<br><br>-да го употребува правилно членот. | Именки -граматички категории<br><br>Граматичка категорија определеност кај именките | Граматички категории:<br>род,<br>број,<br>определеност | Вежби за разликување на родот и бројот кај именките.<br>Вежби за правилна примена на родот кај именките.<br>Вежби за правилна примена на бројот кај именките.<br>Вежби за правилна примена на определеноста/членот кај именките. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Да ги препознава формите на личните и показните заменки;<br><br>-да ги применува правилно формите на личните и показните заменки. | Лични заменки форми – долги, кратки, употреба<br>Форми на показните заменки | Лични заменки<br>Показни заменки | Вежби за препознавање на личните и показните заменки (поим за оддалеченост во просторот).<br>Вежби за употреба на личните заменки и показните заменки.<br>Вежби во употреба на личните заменки преку директна комуникација на учениците.<br>Вежби за употреба на кратките и долгите форми за директен и индиректен предмет на личните заменки, но без да се инсистира на нивната синтаксичка функција.<br>Вежби за посочување на лица и предмети за усвојување на личните и показните заменки. |
| -Да знае правилно да ги употребува заменките: кој, што и чиј;<br>-да ги научи изведените форми на овие заменки: некој, никој, секој, сечиј, сешто. | Лично-предметни заменки: кој, што, чиј<br>Изведени форми од лично-предметните заменки: некој, никој, секој, сечиј, сешто. | Лично-предметни заменки. | Поставување прашања за: лица, настани, припадност на предмети, за усвојување на лично-предметните заменки.<br>Вежби со пополнување на празни места во реченици за определување на формите на заменките.<br>**Поимите се усвојуваат преку вежби без експлицитно да им се даваат правила и дефиниции на учениците.** |
| - Да ги разликува граматичките категории: род, број и определеност кај придавките;<br><br>-да го разликува степенувањето кај придавките;<br>-да го применува степенувањето кај придавките (компаратив, суперлатив) во споредба со основната форма. | Граматички категории кај придавките<br><br>Степенување на придавките: компаратив и суперлатив | Придавки<br><br>Степенување: компаратив и суперлатив | Вежби за разликување на родот, бројот и определеноста кај придавките.<br>Вежби за правилна примена на родот кај придавките, преку пополнување на празните места во краток текст.<br>Вежби во коишто е дадена основната форма на придавката и градење компаратив и суперлатив. |
| -да ги разликува формите на заповеден начин кај глаголите;<br>-да ги разбира формите на заповеден начин кај глаголите<br>-да ги применува правилно формите на заповеден начин. | Глаголи: заповеден начин – директна и индиректна заповед | Заповеден начин – директна и индиректна заповед | Вежби во кои се употребени формите за заповеден начин.<br>Активност: симулација на заповедни форми. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Да умее да ги употребува помошните глаголи СУМ и ИМА во сегашно и во идно време. | Помошни глаголи СУМ и ИМА/НЕМА – форми за сегашно време и идно време. | Помошен глагол | Активност: учениците меѓусебе поставуваат прашања и одговараат употребувајќи ги: СУМ и ИМА (во моментот и за во иднина). |
| -Да ги издвојува подметот и прирокот како основни делови од простата реченица;<br>-да препознава постоење реченици без еден од основните делови;<br>-да прави разлика на подметот и прирокот во реченицата;<br>-да ги применува основните делови во простата реченица. | Подмет и прирок - основни делови на простата реченица<br><br>Подмет и прирок во простата реченица | Подмет<br>Прирок | Вежби за препознавање и за издвојување на подметот и на прирокот во реченицата.<br><br>Вежби за разликување на подметот и на прирокот според значењето и примена во проста реченица на секој одделно и на двата заедно. |
| -Да го усвои поимот за проста реченица;<br><br>-да ја препознава простата реченица во текст врз основа на основните делови од реченицата. | Реченица:<br>-проста реченица со подмет и прирок;<br>-проста реченица со подмет, прирок и додатоци (прилошки определби) | Проста реченица | Вежби за составување реченица со подмет и прирок, наспрема вежби за составување реченица со подмет, прирок и додатоци (прилошки определби) без дефинирање.<br><br>Вежби за препознавање проста реченица со прирок во текст.<br>Вежби за препознавање проста реченица без прирок во текст. |
| -Да знае правилно да пишува скратеници. | Пишување скратеници | Скратеници | Вежби за пишување скратеници.<br>Вежби за скратување на зборови. |
| -Да ги усвои поимите синоними и антоними;<br>-да ги разликува поимите синоними и антоними. | Усвојување и разликување на поимите синоними и антоними. | Синоними<br>Антоними | Вежби за усвојување синоними преку дадени зборови и изнаоѓање на други зборови со исто или слично значење.<br>Вежби за усвојување на антоними преку дадени зборови и откривање на нивните антонимиски парови.<br>Активност во пар: откривање синоними и антоними. |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Литература и лектира** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да прави основна анализа на текст. | Обработка на текст:<br>-композиција или | Композиција или план на текстот | Вежби за прераскажување според даден план.<br>Активност: за откривање на идејно-тематската основа преку |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | план на текстот<br>-идејно-тематска анализа<br>-анализа на ликови | Идејно-тематска анализа<br>Анализа на ликови | „Ѕвезда на приказната“<br>Вежби за опишување на ликовите преку насочувачки прашања. |
| -Да разликува лирски, драмски и епски текст;<br>-да прави анализа на текст. | Обработка на текст:<br>-лирски<br>-епски<br>-драмски | Лирски текст<br>Епски текст<br>Драмски текст | Вежби за основна анализа на текстот (насочувачки прашања, план на текстот, локализација, опис на ликови).<br>Метод на прашање и одговори –хронологија на настани<br>Активност: измешани секвенци (почитување на хронологијата на фабулата). |
| -Да ги открива мотивите во лирските песни;<br>-да ги препознава поетската слика во лирски песни; | Мотив во лирска песна<br>Поетска слика во лирските песни | Мотив<br>Поетска слика | Вежби за откривање мотив во лирските песни.<br><br>Вежби за откривање поетска слика во лирските песни.<br>Вежби преку читање строфа по строфа (стих по стих) и опис на прочитаното. Од добиениот опис се формулираат поетски слики. |
| -Да развие интерес за читање и анализа на литературни дела. | Лектира | Читање лектира | Запознавање со насловите на лектирните дела кои ќе се обработуваат.<br>Забележување непознати зборови и објаснување од наставникот.<br>Учениците самостојно прераскажуваат прочитани текстови, прават идејно-тематска анализа, ги анализираат ликовите настаните.<br>Списокот со лектири е на крајот на наставната програма. |

**ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Изразување и творење**

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да се оспособи да пишува кратки форми на текст на македонски стандарден јазик. | Пишување писма и пополнување формулари. | Писма и пополнување формулари. | Вежби за пишување писма (лични и службени).<br>Вежби за пишување молба, барање, биографија.<br>Вежби за пополнување формулари. |
| -Да препишува правилно кратки текстови со почитување на граматиката и правописот на македонскиот стандарден јазик. | Препишување текст, диктат, автодиктат, прераскажување | Препишување<br>Диктат<br>Автодиктат | Вежби за препишување на избрани делови на текст.<br>Вежби за дополнувње на реченици.<br>Вежби за прераскажување, читање и опишување.<br>Вежби за пишување честитки, за изразување благодарност и желби. |
| -Да се оспособи за раскажување по зададена тема. | Раскажување на теми од | Раскажување | Вежби за раскажување по зададена тема поврзана со опкружувањето/секојдневието. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | опкружувањето и за слободното време | | |
| -Да прераскажува самостојно текстови по даден план. | Прераскажување текстови | Прераскажување | Активност: Прераскажување текстови според хронологијата на настанот преку „Ѕвезда на приказната“. |
| -Да се оспособи да опишува ликови, појави и настани. | Опишување ликови, појави и настани. | Опишување | Вежби за опишување ликови, појави и настани од училишниот живот. |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Медиумска култура** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да бара самостојно информации од детски списанија. | Детски списанија | Детски списанија | Детските списанијасо избор на песнички со различни мотиви. |
| -Да се оспособи да користи речник при читање непознат текст. | Читање непознат текст | Речник | Вежби за користење речник (двојазичен и толковен) при читање непознат текст.<br>Се чита текст со толкување на непознатите зборови и изрази со помош на речник. |

**Лектири** (се обработуваат три лектири):

1. „Големи и мали“ - Бошко Смаќоски
2. „Сон на тркала“ (избор песни) - Стојан Тарапуза
3. „Итар Пејо“ - Стале Попов
4. „Гоце Делчев“ - Ванчо Николески
5. „Вистинска приказна за исчезнувањето на приказните“ - Билјана Станковска
6. „Убави зборови“ (поезија) избор од Иван Цепаровски
7. „Уличето со обетки од цреши“ - Михо Атанасовски

## III период (VII, VIII, IX одд.)

**Цели:**

Ученикот/ученичката:

- да развива интерес и стекнува знаење за историскиот развој на македонскиот јазик;
- да усвојува содржини, поими и правила од фонетиката, морфологијата и синтаксата и коректно да ги применува при усното и писменото изразување;
- да ги употребува правилно правописните норми;
- да ги препознава главните наспрема неопходните и второстепените реченични членови;
- да ги разликува и применува различните интерпункциски знаци во реченици;
- да се оспособи да бара информации на македонски јазик од различни медиуми.

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Јазик** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да ги наведува основните податоци за потеклото на македонскиот јазик; | Општи особености на словенската писменост | Старословенски јазик<br>Глаголица<br>Кирилица<br>Народни говори | Слушање текстови од постарата македонска литература (споредба на македонските дијалекти).<br>Фотокопии од пишани споменици.<br>Текстови на неколку македонски народни говори кои ќе служат за споредба.<br>Рецитирање песни за Кирил и Методиј. |
| -да се запознае со личноста и делото на Крсте Петков Мисирков и неговиот влог во развојот македонскиот јазик; | Погледите на Крсте Петков Мисирков за македонскиот литературен јазик | Крсте Петков Мисирков | Дебата: За дејноста на со Крсте Мисирков и неговиот придонес во развојот на македонскиот јазик (преку аудиовизуелни средства или мултимедиумско претставување-икт). |
| - Да се запознае со стандардизацијата на македонскиот јазик; | Блаже Конески и неговото значење за јазикот | Кодификација (озаконување)<br>Азбука | Истражување на тема „Кодификација на македонскиот јазик“. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознае со првите значајни дела граматика и правопис. | | Правопис<br>Граматика<br>Стандарден (литературен) јазик | Акивност: разгледување на делови од граматиката и правописот. |
| -Да ги применува гласовните промени во македонскиот стандарден јазик;<br><br>- да ги акцентира правилно сложените зборови;<br>-да го определи акцентот кај броевите;<br>-да ги препознава случаите на отстапување од третосложното акцентирање. | Гласовни промени - обезвучување на звучните согласки на крајот на зборот, едначење на согласките по звучност<br><br>Правила за акцентирање на сложените зборови и на броевите | Едначење по звучност<br><br>Акцент<br>Акцентирање на сложени зборови<br><br>Акцентирање на броеви<br>Отстапување од правилата за акцентирање | Вежби за правилен изговор на гласовите (звучни наспрема незвучни согласки).<br>Вежби преку примери во кои се согледува обезвучувањето.<br>Вежби преку преку примери за едначење по звучност.<br>Вежби во пишување на зборови во кои се истакнати гласовни промени.<br><br>Вежби за правилно акцентирање на повеќесложните зборови и броеви при читањето и пишувањето.<br>Снимени говори со погрешно акцентирање на зборови во текст и анализа.<br>Примери во кои има отстапување од правилата за акцентирање |
| -Да ги разликува формите на минатите определени времиња;<br>-да ги применува формите за искажување на минати засведочени дејства;<br><br>-да ги усвои формите на минато неопределено време<br>-да ги применува формите за искажување на прекажани дејства и настани; | Минато време кај глаголите:<br>Минато определено свршено<br>Минато определено несвршено време<br><br>Минато неопределено време | Засведочени дејства и настани во минатото<br><br>Прекажани дејства и настани | Вежби за употреба на формите на минатите определени времиња: свршено и несвршено<br><br>Вежби за определување на разликата меѓу засведоченото дејство и прекажаното дејство. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги разликува бројните форми за лица;<br>-да знае правилно да ги членува броевите;<br><br>-да прави разлика меѓу безличните, личните и неличните глаголски форми;<br>- да ги користи правилно безличните, личните и неличните глаголски форми;<br><br>-да ги применува формите за минато-идно време;<br><br>-да ги препознава прилозите како посебна група зборови;<br>- да ги употребува правилно прилозите за: време, место, начин и количество;<br><br>- да ги препознава предлозите како посебна група зборови;<br>-да знае правилно да ги употребува предлозите. | Броеви<br><br>Безлични глаголи<br>Нелични глаголски форми: л-форма, глаголска именка, глаголска придавка и глаголски прилог<br><br>Минато-идно време<br><br>Прилози за: време, место, начин и количество<br><br>Предлози | Бројни форми за лица<br><br>Глаголски форми: безлични, лични и нелични<br><br>Иреален услов<br><br>Прилози за: време, место, начин и количество<br><br>Предлози | Примери со бројни форми за лица.<br>Вежби за членување на броевите (посебно правописни).<br><br>Примери за препознавање на безлични, лични и нелични глаголски форми.<br>Вежби со глаголи каде што ќе се менува формата на глаголот во различни безлични форми.<br><br>Вежби за искажување на дејства и настани што не се оствариле бидејќи не бил остварен некој услов во минатото.<br><br>Текстови за откривање на прилозите и вежби за нивна примена.<br><br>Текстови за откривање на предлозите и вежби за нивна примена. |
| -да прави разлика помеѓу директен и индиректен предмет (удвоен и неудвоен);<br>-да знае правилно да го употребува удвоениот предмет (директен и индиректен).<br><br>-да го препознава и именува атрибутот во реченицата; | Реченични членови:<br>предмет и видови предмет<br><br>Второстепен реченичен член: атрибут | Предмет<br>Директен предмет<br>Индиректен предмет<br><br>Атрибут | Вежби преку избрани текстови од македонски автори за препознавање на предметот во реченицата, со определување на видот на предметот.<br>Самостојно изготвување примери со употреба на директен и индиректен предмет (удвоен и неудвоен).<br><br>Вежби со употреба на атрибут. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Да го усвои поимот за сложена реченица;<br>-да умее да ги проширува простите реченици во сложени. | Сложена реченица: поим и дефинирање | Сложена реченица | Вежби за составување сложена реченица.<br>Вежби за проширување на проста во сложена реченица. |
| -Да се запознае со основната поделба на сложените реченици;<br>-да се запознае со независносложените реченици. | Основна поделба на сложените реченици (преглед).<br>Основна класификација на незавнисносложени реченици | Сложени реченици<br>Независносложени реченици | Вежби за препознавање на независносложените реченици врз основа на сврзниците. |
| -Да се запознае со зависносложените реченици. | Основна класификација на зависносложени<br>реченици | Зависносложени реченици | Вежби за препознавање на зависносложените реченици врз основа на сврзниците |
| - Да прави разлика во лексичкото значење на хомонимите и паронимите;<br>-да го збогатува речникот со примена на овие зборови. | Лексичко значење на зборовите:<br>хомоними и пароними | Хомоними<br>пароними | Вежби за откривање на зборовите според нивното лексичко значење<br>Јазични вежби за примена на овие зборови во усно и писмено општење. |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ:** **Литература и лектира** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да се оспособи за препознавање на карактеристиките на авторската и народната поезија;<br><br>-да знае да ги класифицира лирските песни според мотивот;<br>-да се запознае со специфичностите на лирските песни. | <br><br>Карактеристики на авторската и народната поезија<br><br><br>Класификација на лирските песни според мотивите (љубовни, родољубиви, пејзажни, хумористични) | <br><br>Авторска поезија<br>Народна поезија<br><br><br>Мотив | <br><br>Вежби за препознавање на карактеристиките на авторската и народната поезија.<br><br>Анализа на песните според нивниот мотив. |
| -Да ги знае разликите меѓу раскажување во прво и трето лице и сезнаечко раскажување;<br>-да знае правилно да раскажува текст во прво лице во однос на другите видови раскажувања.<br><br>-Да ги знае карактеристиките на митот, легендата и преданието; | Формите на раскажување: раскажувач наратор во прво лице, ЈАС- форма, во трето лице ТОЈ-форма и сезнаечки раскажувач<br><br><br><br>Народна проза:<br>мит, | ЈАС-форма<br>ТОЈ-форма<br>Сезнаечки раскажувач<br><br><br><br><br>Мит<br>Легенда | Преку различни литературни творби ја откриваат формата на раскажување во прозниот текст.<br>Раскажуваат литературни текстови применувајќи ги формите прво и второ лице и сезнаечко раскажување.<br><br>Вежби за воочување на специфичностите помеѓу митови, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да се запознае со карактеристиките на романот;<br><br>-да составува текстови од литературно - научен вид;<br>-да ги знае карактеристиките на литературно-научниот вид дневник. | легенда<br>предание<br><br>Роман<br><br>Литературно- научен вид | Предание<br><br>Роман<br><br>Дневник | легенди и преданија.<br>Слушање и гледање македонски народни легенди, преданија и митови (македонски народни приказни).<br>Раскажување митови, легенди и преданија.<br>Дигитални содржини за мит, легенда и предание.<br><br>Обработка на роман.<br>Прераскажување извадоци од авантуристички, историски и љубовен роман соодветни на возраста.<br><br>Активност: Пишување дневник за определен временски период.<br>Дискусија за искуството при пишување дневник. |
| - Да разликува основни драмски видови. | Основни драмски видови: трагедија, комедија, современа драма (како поими) | Трагедија<br>Комедија<br>Современа драма | Преку читање и анализа на извадоци од познати драмски творби да ја определи разликата меѓу основните драмски видови. Извадоци од драмите:<br>„Цар Салтан“ од Ефтим Клетников,<br>„Чорбаџи Теодос“ од Васил Иљоски |
| -Да негува култура и интерес за читање и анализа на литературни дела. | Лектира | Чита лектира | Запознавање со насловите на лектирните дела кои ќе се обработуваат.<br>Забележување непознати зборови и објаснување од наставникот.<br>Учениците самостојно прераскажуваат прочитани текстови, прават идејно-тематска анализа, ги анализираат ликовите настаните. |
| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Изразување и творење** | | | |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>-да раскажува доживеани или измислени настани;<br><br>-да прераскажува прочитана творба, гледана претстава (театар или филм);<br><br>-да знае да продолжи текст по даден почеток (усно и писмено);<br><br>-да дава личен став (суд) за прочитана книга, гледан филм, театарска претстава и др. (усно и писмено);<br><br>-да умее да состави молба, жалба и покана;<br><br>-да опишува предмети, појави, објекти, ликови и сл. | Раскажување на доживеан или измислен настан<br><br>Прераскажување на прочитана творба или гледана претстава<br><br>Расправа за различни гледишта на различни теми<br><br>Пишување на молба, жалба и покана<br><br>Опишување на предмети, појави, објекти и ликови | Раскажување<br><br>Прераскажување<br><br>Коментар<br><br>Молба<br>Жалба<br>Покана<br><br>Опишување | Вежби за довршување на текст преку раскажување и прераскажување.<br><br>Аргументирање на лични ставови за дадена тема.<br><br>Вежби за пишување на молба, жалба или друг вид на формулар.<br><br>Портретирање на главните белези на лик од одредено литературно дело.<br><br>Опишување на природните убавини. |

**ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Медиумска култура**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>-да прави разлика меѓу пишаните и електронските медиуми;<br>-да ја објаснува улогата на Интернетот како современ информатор;<br><br>-да дискутира за содржината и | Пишани медиуми<br>Електронски медиуми | Весници, списанија<br>Интернет | Вежби - барање информации преку различни медиуми.<br><br>Гледање филм или ТВ - емисија од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| вредностите на гледан филм или<br>ТВ - емисија. | Филм<br>ТВ - емисија | Филм<br>ТВ - емисија | македонска продукција.<br>Вежби за содржински осврт на емисиите и за впечатоците (позитивни и негативни). |
| -Да ги знае одликите на радио-драмата за деца.<br>. | Радио - драма за деца | Радио - драма | Слушање радио-драма со посебно внимание на сите нејзини карактеристики. |

**Лектири** (се обработуваат три лектири):

1. „Силјан Штркот“ - Марко Цепенков
2. „Втора смена“ - Велко Неделковски
3. „Авантурите на Том Соер“ - Марк Твен
4. „Девојчето со две имиња“ - Јадранка Владова
5. „Светлина зад ридот“ - Трајче Крстески
6. „Марта“ - Горјан Петревски
7. „Бојан“ - Глигор Поповски
8. „Поетска читанка“ – избор од Миодраг Друговац
9.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Општата цел на наставата по македонски јазик ќе биде успешно остварена доколку целосно се исполнат сите конкретни цели кои се систематизирани по периоди во наставната програма.

Учениците кои треба да се вклучат во наставата на македонски јазик и да го продолжат своето образование, се проверуваат со цел да се утврди степенот на знаењата од македонски јазик. Откако ќе се направи проверувањето, наставникот користејќи ги наставните содржини од оваа програма, согласно периодот од образовниот процес и согласно знаењето на учениците, реализира часови за усвојување на македонскиот јазик.

Изучувањето на македонскиот јазик се темели врз развојот на сознајните и моторичките способности на ученикот.

Во центарот на изучувањето на македонскиот јазик е говорната комуникација, проследена и со невербален говор (гестови, мимики, движења) и писмената страна од јазикот.

Бројот на лексичките единици кои ученикот активно ќе ги усвои, како и тие што ќе ги усвои на ниво на разбирање и на употреба, е одреден за секој период според дадената програма.

Во наставната програма по македонски јазик наставните содржини се застапени преку програмските подрачја:

- Почетно читање и пишување,
- Јазик,
- Литература и лектира,
- Изразување и творење и

- Медиумска култура.

Граматичките структури кои ќе се користат особено во првиот период при реализација на наставните содржини не треба да се толкуваат експлицитно, туку учениците ги усвојуваат глобално во предложената јазична структура.

Оспособувањето за читање и пишување на македонски јазик треба да се одвива преку дидактички вежби и игри (индивидуално гласно читање, читање во дијалози, читање заради учење на улоги, откривање на буквата која недостига во зборот, поврзување на буквите во зборови).

Во подрачјето Литература преку читање: песни, приказни, басни ќе бидат застапени вежби за совладување на формите за усно и писмено изразување.

Оваа наставна програма нуди корелација и интеграција на сите програмски подрачја што е евидентно помеѓу програмските подрачја Јазик и Литература, каде може да се применат здобиените знаења од јазик врз литературни текстови, а преку литературните текстови може да се применат и стекнатите знаења од правописот и правоговорот.

За успешна реализација на наставната програма од страна на наставникот потребно е тој да користи функционални наставни средства, и тоа: учебник/прирачник одобрен од Министерството за образование и наука на Република Македонија, македонски списанија за деца, аудио-визуелни средства, Интернет, образовни софтвери и дигитални содржини.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување.

Оценувањето треба да се врши, пред се, со различните форми на формативното оценување бидејќи ученикот кој доаѓа од друго говорно подрачје/друга земја има потреба од постојано следење на постигањата и мотивирање за брзо напредување во наставниот процес и јазичното усвојување. Повратната информација во усна и писмена форма е потребна за успешно реализирање на наставните содржини и за оценување на ученикот. Оценувањето содржи устен и писмен дел. Устниот инструментариум се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови, раскажување и прераскажување, вежби за користење на говорната страна на јазикот.

Пишуваниот инструментариум ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.

Сумативното оценување се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината.

За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.

За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставата се организира во училница или во кабинет, а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализација (институции на култура, научни институции, природен амбиент и др.).

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За првиот период како и за четвртто и петто одделение од вториот период воспитно-образовната работа може да ја изведува лице кое завршило:

- Педагошки факултет-професор по одделенска настава;
- Филозофски факлутет –Институт за педагогија, дипломиран педагог.

За шесто одделение од вториот период и за третиот период воспитно-образовната работа може да ја изведува лице кое завршило:

- Филолошки факултет – група: Македонски јазик и македонска книжевност – наставна насока.
- Филолошки факултет – грипа: Македонски јазик и книжевност – наставна насока.
- Филолошки факултет – група: Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет – наставна насока.
- Филилошки факултет – група: Општа и компаративна книжевност – наставна насока.

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 2013 година

Изработил: работна група, кооринатор м-р Блага Панева
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чепларов, раководител на сектор

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по предметот македонски јазик за децата на граѓаните на Република Македонија кои престојувале во странство и се вратиле во Република Македонија каде што го започнуваат или продолжуваат основното образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

МИНИСТЕР
Спиро Ристовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-7047/1
30-11-2013 20____год.
СКОПЈЕ